Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 септември 2021 година

Скопје, септември 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 21 септември 2021 година**

Седницата започна во 13:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, како и м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*
* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 104-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 септември 2021 година

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Агенда Европа дома
- Статус на реализација на капиталните инвестиции
- Дигитална трансформација

1. Записник од Четириесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 20 септември 2021 година

2. Барање од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија за патните и дневните расходи (420) и другите тековни расходи (426) за полициските службеници кои го обезбедуваат Претседателот на Републиката во земјата, да не се исплаќаат од Буџетот на Претседателот на Република Северна Македонија

3. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности

4. Информација за обезбедување на финансиски средства во наредни години за спроведување постапка за јавна набавка за Изградба на основна внатрешна инфраструктура за ТИРЗ Штип и ТИРЗ Струмица

5. Информација за обезбедување на финансиски средства во наредни години за спроведување постапка за јавна набавка за изградба на административна зграда В4 во ТИРЗ Струга и ТИРЗ Прилеп

6. Информација по тужбата на тужителот на Република Северна Македонија - Агенција за млади и спорт Скопје против тужениот ПСТ Холдинг АД од Бугарија вредност 1.416.254,00 денари и противтужбата на противтужител ПСТ Холдинг од Бугарија против Република Северна Македонија - Агенција за млади и спорт Скопје во вредност од 2.256.105,00 денари

7. Информација за изработка на физибилити студија за „Изградба на мултифункционален спортски објект Авто-мото стаза“, со дополнување

8. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија

9. Информација за кредитни барања кои ги исполнуваат и кои не ги исполнуваат условите за кредитирање по Јавниот повик бр.1 (освен условите за корисници на мерка 1-финансиска поддршка на плати) за кредити од Фондот за финансиска поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија), со дополнување

10. Информација во врска со Одлуката за прифаќање на понуда бр.02-10684/1 од 18.12.2020 година и бр.02-623/8 од 7.6.2021 година за соинвестирање со Друштво за градежништво и трговија КАТ Костов ДОО увоз-извоз Скопје, бр.02-6123/7-1 од 15.7.2021 година и Одлука за склучување на Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул.„Страшо Пинџур“ бр.6 во Скопје бр.02-7646/6 од 10.9.2021 година

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КО Делчево) ДП 03-33/20

12. Информација во врска со извршната постапка И.бр207/2009 што се води пред извршител Андреја Буневски од Скопје против должникот УНИУС-ИС ДООЕЛ Тетово по барање за извршување од доверител Република Северна Македонија И.бр.550/13

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

14. Информација за доставено Барање број 11-7372/1 од 28.7.2021 година за репрограмирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на ЈП Национална радиодифузија-Скопје за долгот кој го има ЈП Национална радиодифузија-Скопје кон Министерството за финансии по основ на Одлука бр.19-3927/1 од 6.8.2008 година на Владата на Република Македонија, за исплата на средства како позајмица на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија-Скопје бр.19-3927/1 од 6.8.2008 година

15. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

16. Информација за предлог анекс-договор бр.1 за доделување на државна помош на Теламон Европа ДООЕЛ Скопје

17. Информација за склучување на Билатерален договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за кофинансирање на големиот инвестициски проект „Интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион“, со текст на Билатерален договор

18. Информација за спроведување на ИПА проектот „Имплементација и планирање за апроксимација на приоритетни сектори во животна средина (Implementation and Planning for Approximation in Priority Areas of Environment)

19. Информација за спроведување на ИПА проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за информатички систем и мониторинг на животната средина

20. Информација за статусот на подготовка на законите од областа на железниците усогласени со четвртиот пакет на законодавството на Европската Унија

21. Информација за потребата од пропишување на начин за утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште за градби за производство на електрична енергија од обновливи извори

22. Информација во врска со потребата за изменување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, со Предлог-решение

23. Информација за спроведување на договорите за концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Бања“ - Кочани и ловиштето бр.6 „Подлог“ - Кочани со кое управува концесионерот Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало „Текстил“ АД - Скопје, со предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата

24. Информација за потребата од имплементација на втора фаза на Проектот „Зајакнување на општинските совети“, кој ќе се спроведува од страна на Програмата за развој на Обединети нации (УНДП), во соработка со Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии, а кој е поддржан од страна на Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ)

25. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021

26. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-мермер на Друштво за производство, промет и услуги Марнико увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп на локалитетот „с. Ореовец“, Општина Прилеп

27. Предлог-уредба за дополнување на Уредбата за стандардите и нормативите за планирање, изградба и уредување на објектите кои ги користи Министерството за внатрешни работи на граничните премини

28. Информација со Предлог-платформа за учество на Делегацијата на Република Северна Македонија на 76-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации

29. Информација за сообразување на постојните називи на националните спортски федерации со официјалното име на државата, согласно Уставот на Република Северна Македонија и духот на Преспанскиот договор

30. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права за спогодбено решавање на предметите Витес Асановски, Ѓељана Асановска и Стојан Асановски против Република Северна Македонија (А. бр. 19137/18) и две други апликации (А. бр. 20189/18 и А. бр. 30425/18), со Предлог-одлука

31. Информација за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во предметот Трајков против Северна Македонија А.бр.54551/16 и 7 други апликации, со Предлог-одлука

32. Информација за имплементација на Програмата РОМАКТЕД фаза II во Република Северна Македонија 2021-2024 година

33. Информација за исплата на пензии за септември 2021 година

34. Предлог-одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела“ во период од 4 до 10.10. 2021 година

35. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом ,,Академик проф. д-р Димитар Арсов“ - Крива Паланка

36. Информација за доставување на Проекти за основање на нова единица „Факултет за дентална медицина“ и Висока медицинска школа при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје согласно Законот за високото образование*, доставени од Меѓународниот балкански универзитет во Скопје

37. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука, со Предлог-одлука

38. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Демократија во услови на глобализација“ на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

39. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Клиничка медицина“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

40. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Биологија - Екологија“ на Природно-математички факултет, Институт за биологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

41. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС) по „Економски науки“ на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

42. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии (180 ЕКТС) по „Машинство“ на Технички факултет- Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение

43. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Финансово право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

44. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Административно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

45. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички науки“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

46. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Деловно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

47. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Психологија“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

48. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Јавна администрација“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

49. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички системи“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

50. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Индустриско инженерство и менаџмент“ на Технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение

51. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Социологија на опкружување“ на Институт за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

52. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Казнено право“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

53. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Меѓународното јавно право и меѓународното приватно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

54. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

55. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Граѓанско право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

56. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Социолошки науки-Социологија на организација“ на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

57. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Молекуларна медицина“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

58. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Базична медицина“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

59. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Технологија и безбедност на прехранбени производи“ на Факултет за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение

60. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Римско право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

61. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавно здравство“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

62. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Албански јазик и литература“ на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение

63. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Право на Европска Унија и европски интеграции“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

64. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Уставно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

65. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Архитектура и урбанизам“ на Архитектонскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

66. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Електротехника и информациски технологии“ на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

67. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија-Таксономија“ на Природно-математичкиот факултет, Институт за биологија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

68. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Физика“ на Природно-математичкиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

69. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Дефектологија“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

70. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Хемија“ на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

71. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Историја на правото“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

72. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Меѓународни односи“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение

73. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Геодезија“ на Градежен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

74. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Организациски науки и управување (менаџмент)“ на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог- решение

75. Предлог на закон за дополнување на Законот за ловство, поднесен од група на пратеници

76. Барање за давање на автентично толкување на член 6, став 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016 и 190/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/2021), поднесено од градоначалникот на Општина Аеродром

77. Барање за давање на автентично толкување на член 53, став 2 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/1998, 18/1999, 31/2000, 42/2003, 64/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 8/2011, 55/2013, 33/2015 и 104/2015), поднесено од пратеникот Исмаил Јахоски

78. Статут на Приватната високообразовна установа Универзитет Евро-Балкан-Скопје

79. Иницијатива поднесена од Државна комисија за спречување на корупција, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.85/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридор 10 во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/2021)

80. Понуда од нотар Прпарим Реџепи од Гостивар за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3322 за КО Гостивар-1 КП бр.2691, викано место/улица Гостивар

81. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6339 за КО Бутел, на КП бр.870/18, викано место/улица „Населба“

82. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52371 за КО Ѓорче Петров - Лепенец, на КП бр.41, место викано Мери

83. Кадровски прашања

84. Прашања и предлози

85. Извештај за финансиското работење на ЈП за државни патишта за периодот 1 април-30 јуни 2021 година

86. Информација за испорачани М-смарт кард за патнички моторни возила на туристи од Република Србија, кои транзитирале на Коридор 10 во Република Северна Македонија, во временски интервал од 15 јуни 2021 година до 15 август 2021 година

87. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, за периодот 1 април-30 јуни 2021 година

88. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година

89. Информација за Финансиска рамка за спроведување на мерките за намалување на сулфур диоксид, азотни оксиди и прашина, со фискални импликации и временска динамика, со цел да се постигнат плафоните на емисии согласно со ревидираниот Национален план за намалување на емисии

90. Извештај за финансиското работење за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнување

91. Финансиски план за изменување и дополнување на Финансискиот план за 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнување

92. Информација за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централниот регистар на население (август 2021 година)

93. Информација за отворање на нова дисперзирана канцеларија на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во Општина Желино

94. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности арх. бр. У-47/21 (КП бр.13478 КО Центар 1)

95. Нацрт-текст на Предлог-уредба за Методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година.

96. Информација за потребата од склучување на Амандман бр.1 на Договорот за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави - САД, со усогласен текст на Амандман

97. Информација за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и Естонскиот центар за меѓународен развој во областа на дигитализацијата и е-управување, со усогласен текст на Меморандум

98. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

99. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижен имот на име на Република Северна Македонија

*
*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 104-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 септември 2021 година.

*
*    *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Агенда Европа Дома**

Владата ја разгледа Агендата Европа дома, како материјал за информирање.

- **Статус на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за процентот на реализација на капиталните инвестиции и укажа на министерствата да ги реализираат плаќањата на капиталните инвестиции до 30 септември 2021 година.

- **Агенда за дигитална трансформација**

Владата ја разгледа Дигиталната трансформација и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии при одобрување на буџетите на министерствата за 2022 година, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, да ги консолидира буџетите за ИКТ, заради подобро планирање, односно да се земе предвид Предлог националната стратегија за ИКТ, заради избегнување на непродуктивни и трошоци коишто се преклопуваат и се несоодветни.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да планира дополнителни средства во идниот буџет за 2022 година, за рамковни договори за опремување на органи на државната управа со потребен хардвер или софтвер за поврзување, безбедност на мрежи и напади, развој на услуги, особено за институциите коишто немаат или имаат недоволен ИТ кадар, при што не се во можност соодветно да планираат активности.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, до крајот на 31 декември 2021 година да изработи и до Владата да достави план за воспоставување на Национална електронска идентификација за сите граѓани на лична карта, по примерот на Република Србија и Република Црна Гора.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да планира средства за финансирање на Дигиталната агенција за 2022 при поднесување на буџетскиот циркулар за 2022 година.

5. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, до крајот на 31 октомври 2021 година, до Владата да достави Предлог за локација за изградба на примарен државен податочен центар.

6. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, до крајот на 31 декември 2021 година, да подготви и до Владата да достави информација за изградба и користење на примарен податочен центар.

7. Се задолжува Министерството за образование и наука до крајот на 31 декември 2021 година, да подготви и до Владата да достави План за подигнување на нивото на дигитални вештини кај населението, со посебен осврт на администрацијата.

8. Се задолжуваат сите органи на државната управа, до крајот на октомври 2021 година да ги внесат и верификуваат податоците за сите услуги кои ги нудат кон граѓаните и бизнисите во Каталогот за услуги, согласно Законот за електронско управување и електронски услуги, на македонски и албански јазик.

9. Се задолжуваат сите органи на државната управа, да направат планови за дигитализација на нивните услуги и за истото да го известат Министерството за информатичко општество и администрација, најдоцна до 31 декември 2021 година.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Четириесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 20 септември 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 20 септември 2021 година.

2. Во однос на забраната за влез/излез на/од територијата на Република Северна Македонија на домашни и странски државјани, почнувајќи од 1 септември 2021 година, исклучок се сите домашни и странски државјани што ќе влезат на територијата на Република Северна Македонија преку граничниот премин „Стење“, во периодот од 25 септември 2021 година до 1 ноември 2021 година.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## Точка 2

Владата го разгледа Барањето од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија за патните и дневните расходи (420) и другите тековни расходи (426) за полициските службеници кои го обезбедуваат Претседателот на Републиката во земјата, да не се исплаќаат од Буџетот на Претседателот на Република Северна Македонија и притоа заклучи Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија да подготви и до Владата на Република Северна Македонија да достави финансиска пресметка на средствата потребни за патните и дневните расходи и другите тековни расходи за полициските службеници кои го обезбедуваат Претседателот на Републиката во земјата, заклучно со крајот на 2021 година.

## Точка 3

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства во наредни години за спроведување постапка за јавна набавка за Изградба на основна внатрешна инфраструктура за ТИРЗ Штип и ТИРЗ Струмица, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ги обезбеди потребните финансиски средства во висина од 573.480.000,00 денари за спроведување на постапка за изградба на основна внатрешна инфраструктура за ТИРЗ Штип и ТИРЗ Струмица, со следниот начин и динамика:

- 2021 година - 59.000.000,00 денари
- 2022 година - 408.280.000,00 денари
- 2023 година - 106.200.000,00 денари.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони потребните финансиски средства да ги прикаже во буџетските циркулари, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија, за соодветните фискални години.

3. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ги разгледа можностите и во соработка со Министерството за финансии, согласно законската регулатива, за 2022 и 2023 година, да предвиди финансирање на новите инфраструктурни проекти со средства од останатите извори за финансирање (приватни, институционални инвеститори) предвидени со Планот за финансирање на забрзан економски раст.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства во наредни години за спроведување постапка за јавна набавка за изградба на административна зграда B4 во ТИРЗ Струга и ТИРЗ Прилеп и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ги обезбеди потребните финансиски средства во висина од 94.400.000,00 денари за спроведување на постапка за изградба на административна зграда B4 во ТИРЗ Струга и ТИРЗ Прилеп, со следниот начин и динамика на плаќање:

- 11.800.000,00 денари во 2021 година и
- 82.600.000,00 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони потребните финансиски средства да ги прикаже во буџетските циркулари, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија, за соодветните фискални години.

3. Се укажува на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони да ги разгледа можностите и во соработка со Министерството за финансии, согласно законската регулатива, за 2022 година, да предвиди финансирање на изградба на административна зграда со средства од останатите извори за финансирање (приватни, институционални инвеститори) предвидени со Планот за финансирање на забрзан економски раст.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата по тужбата на тужителот на Република Северна Македонија - Агенција за млади и спорт Скопје против тужениот ПСТ Холдинг АД од Бугарија вредност 1.416.254,00 денари и противтужбата на противтужител ПСТ Холдинг од Бугарија против Република Северна Македонија - Агенција за млади и спорт Скопје во вредност од 2.256.105,00 денари и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се одобрува на Република Северна Македонија - Агенција за млади и спорт Скопје да склучи судско порамнување со тужениот противтужител ПСТ Холдинг од Бугарија пред Основен граѓански суд Скопје во постапка 54 ТС - 137/17 на начин што тужителот Република Северна Македонија - Агенција за млади и спорт Скопје ќе ја повлече тужбата за основ надомест на штета во вредност 1.416.254,00 денари и противтужителот ПСТ Холдинг од Бугарија ќе ја повлече противтужбата за основ плаќање за изведени и примени работи во износ од 2.256.105,00 денари.

2. Се овластува Државниот правобранител за подрачје Скопје, Недим Исмани кој е овластен да постапува по предметот кој се води во Основен граѓански суд Скопје -Скопје под бр.54 ТС - 137/17 како законски застапник на Република Северна Македонија - Агенција за млади и спорт да ја склучи спогодбата со тужениот односно противтужителот ПСТ Холдинг АД од Бугарија.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на физибилити студија за „Изградба на мултифункционален спортски објект Авто-мото стаза“, со дополнувањето кон неа и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Агенцијата за млади и спорт врз основа на Барањето од Автомобилистичка федерација на Македонија да префрли средства во висина од 3.500.000,00 денари на Автомобилистичка федерација на Македонија за изработка на физибилити студија, односно да ја реализира оваа активност преку нивните соодветни програми и Агенцијата за млади и спорт да даде налог за префрлање на овие финансиски средства.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за кредитни барања кои ги исполнуваат и кои не ги исполнуваат условите за кредитирање по јавниот повик бр.1 (освен условите за корисници на мерка 1-финансиска поддршка на плати) за кредити од Фондот за финансиска поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија), со дополнувањето кон неа.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за прифаќање на понуда бр.02-10684/1 од 18.12.2020 година и бр.02-623/8 од 7.6.2021 година за соинвестирање со Друштво за градежништво и трговија КАТ Костов ДОО увоз-извоз Скопје, бр.02-6123/7-1 од 15.7.2021 година и Одлука за склучување на Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул. „Страшо Пинџур“ бр.6 во Скопје бр.02-7646/6 од 10.9.2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КО Делчево) ДП 03-33/20, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршната постапка И.бр207/2009 што се води пред извршител Андреја Буневски од Скопје против должникот УНИУС-ИС ДООЕЛ Тетово по барање за извршување од доверител Република Северна Македонија И.бр.550/13, и притоа заклучи:

- Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да го извести извршителот Андреја Буневски од Скопје дека Владата на Република Северна Македонија како доверител по постапката за извршување условно го прифаќа предлогот на должникот доколку биде доставен нов имотен лист, за ново предложената недвижност, без запишана хипотека на трето лице, односно без оптоварување од друг доверител и доколку конкретната правна работа по предлогот на должникот е прифатлива за извршителот.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (најнов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Во членот 10 од Предлогот на закон, со кој се додава нов член 41-а, ставот 10) да се дополни во смисла дека максималниот износ на одобрените средства не смее да надмине 50% од реализираниот основен буџет од претходната година и истите не можат да се користат за плаќање на обврски за репрезентација, мебел и возила и за други несуштински дејности на единиците на локалната самоуправа кои попрецизно ќе се уредат во договорот кој ќе го склучат министерот за финансии и градоначалникот на соодветната општина.

2. Членот 20 од Предлогот на закон да се измени и наместо да влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", да биде осмиот ден од денот на објавувањето.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието,

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Ивановска, државен советник во Министерството за финансии и Тања Костовска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање број 11-7372/1 од 28.7.2021 година за репрограмирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на ЈП Национална радиодифузија-Скопје за долгот кој го има ЈП Национална радиодифузија Скопје кон Министерството за финансии по основ на Одлука бр.19-3927/1 од 6.8.2008 година на Владата на Република Македонија, за исплата на средства како позајмица на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија- Скопје бр.19-3927/1 од 6.8.2008 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии, по завршување на Локалните избори 2021 година, да склучи договор за регулирање на доспеаниот долг на ЈП Национална радиодифузија-Скопје кон Министерството за финансии по основ на Одлука за исплата на средства како позајмица на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје, бр.19-3927/1 од 6.8.2008 година, со рок на враќање од 3 години (36 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од 4 (четири) месеци, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.1.2022 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа Информација, со состојба на 9.8.2021 година.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог анекс-договор бр.1 за доделување на државна помош на Теламон Европа ДООЕЛ Скопје, ја усвои Информацијата и го овласти Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише предложениот анекс-договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, Друштвото за производство и трговија Теламон Европа ДООЕЛ Скопје и Теламон Интернационал Корп, заверен под бр. бр.13-6919/1 од 13.7.2018 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Билатерален договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за кофинансирање на големиот инвестициски проект „Интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион“, со текст на Билатерален договор, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Го прифати текстот на Билатералниот договор меѓу Република Северна Македонија и Унијата за кофинансирање на големиот проект-Интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион што претставува дел од „Повеќегодишната акциска програма за Поранешната Југословенска Република Македонија за животна средина и климатска акција и транспорт за 2014-2016 година“ во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II).

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање во име на Република Северна Македонија да го потпише Билатералниот договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за кофинансирање на големиот инвестициски проект „Интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен Регион“.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Имплементација и планирање за апроксимација на приоритетни сектори во животна средина (Implementation and Planning for Approximation in Priority Areas of Environment)“, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, по склучување на договорот, на квартална основа да ја информира Владата за статусот на спроведување на проектот.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Секретаријатот за европски прашања, евалуацијата на понудите за избор на кратка листа на компании, да се спроведе во оптимален рок со цел навремена и успешна имплементација на Проектот.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за информатички систем и мониторинг на животната средина“, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, по склучување на договорот, на квартална основа да ја информира Владата за статусот на спроведување на Проектот.

Истовремено, Владата заклучи, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Секретаријатот за европски прашања, кое сугерира да се испочитуваат одредените датуми, согласно ревидираниот ИПА план за набавки, со цел навремено склучување на договорот планиран во февруари 2022 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на подготовка на законите од областа на железниците усогласени со четвртиот пакет на законодавството на Европската Унија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски предлог текстовите на: Законот за железничкиот систем, Законот за безбедност во железничкиот систем, Законот за интероперабилност во железничкиот систем, Законот за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем, Законот за основање на Агенција за истражување на несреќи во воздушен, воден и железнички сообраќај, како и Законот за основање на Агенција за регулирање на железничкиот сектор да ги достави до Владата на Република Северна Македонија до 30.12.2022 година.

Исто така, Министерството за транспорт и врски да подготви образложение за доцнењето во донесувањето на законите и преку Секретаријатот за европски прашања да го прати до Европската комисија.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од пропишување на начин за утврдување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште за градби за производство на електрична енергија од обновливи извори, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да постапи согласно насоките дадени во Информацијата.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за изменување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на договорите за концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Бања“ - Кочани и ловиштето бр.6 „Подлог“ - Кочани со кое управува концесионерот Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало „Текстил“ АД - Скопје, со предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Најновиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Бања“ во ловен реон Кочани, во предложениот текст.

2. Најновиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Подлог“ во ловен реон Кочани, во предложениот текст.

3. Најновиот текст на Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.5 „Бања“ во ловен реон Кочани, во предложениот текст.

4. Најновиот текст на Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.6 „Подлог“ во ловен реон Кочани, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од имплементација на втора фаза на проектот „Зајакнување на општинските совети“, кој ќе се спроведува од страна на Програмата за развој на Обединети нации (УНДП), во соработка со Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии, а кој е поддржан од страна на Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да ги предвиди средствата за кофинансирање на втората фаза на проектот „Зајакнување на општинските совети„ во својот буџет, Програма 40, Активности поврзани со децентрализација, ставка 464 - Разни трансфери и тоа:

- во 2022 година - 250.000,00 американски долари,
- во 2023 година - 250.000,00 американски долари,
- во 2024 година - 250.000,00 американски долари,
- во 2025 година 250.000,00 американски долари и
- во 2026 година 250.000,00 американски долари (вкупен износ 1.250.000.00 американски долари за пет буџетски години).

Истовремено, Владата заклучи:

1. Да се има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии (потребните финансиски средства да се обезбедат во рамките на максималните износи на расходи за соодветните фискални години и да се вклучат во буџетското барање).

2. Да се има предвид укажувањето во Мислењето на Секретаријатот за европски прашања (во работата на Управниот комитет на проектот да биде вклучен и претставник од таа институција).

**Точка 25**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-мермер на Друштво за производство, промет и услуги Марнико увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп на локалитетот „с. Ореовец“, Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за стандардите и нормативите за планирање, изградба и уредување на објектите кои ги користи Министерството за внатрешни работи на граничните премини, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-платформа за учество на Делегацијата на Република Северна Македонија на 76-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, ја усвои Информацијата и ја прифати Предлог-платформата за учеството на делегацијата на Република Северна Македонија на 76-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за сообразување на постојните називи на националните спортски федерации со официјалното име на државата, согласно Уставот на Република Северна Македонија и духот на Преспанскиот договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, да ги дополни Насоките за извршување на обврските на Република Северна Македонија кои произлегуваат од Конечната спогодба и Уставните амандмани и Уставниот закон и во рок од 30 дена да ги достави до Агенцијата за млади и спорт.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт дополнетите Насоки од точка 1 во рок од 30 дена од приемот на истите од Министерството за надворешни работи да ги достави до националните спортски федерации.

3. Се препорачува на националните спортски федерации во рок од шест месеци да ги усогласат своите статути согласно дополнетите Насоки за извршување на обврските на Република Северна Македонија кои произлегуваат од Конечната спогодба и Уставните амандмани и Уставниот закон и да ги имплементираат во секојдневните активности и делување.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права за спогодбено решавање на предметите Витес Асановски, Џељана Асановска и Стојан Асановски против Република Северна Македонија (А. бр. 19137/18) и две други апликации (А. бр. 20189/18 и А. бр. 30425/18), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во предметот Трајков против Северна Македонија А.бр.54551/16 и 7 други апликации, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст (во вкупен износ од 7.900 евра во денарска противвредност по пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Трајков против Северна Македонија А.бр.54551/16 и 7 други апликации најдоцна до 1 октомври 2021 година).

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Програмата РОМАКТЕД фаза II во Република Северна Македонија 2021-2024 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика, во соработка со општините каде што се спроведува Програмата до Владата да доставува два пати годишно извештај за текот на имплементацијата.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за септември 2021 година и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 27.9.2021 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со септемвриските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 28.9.2021 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 28.9.2021 година (вторник);
- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 29.9.2021 година (среда);
- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 30.9.2021 година (четврток) и
- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 1.10.2021 година (петок).

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за начинот на наплата на износот за „Детска недела" во период од 4 до 10.10.2021 година, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом ,,Академик проф. д-р Димитар Арсов“ - Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за доставување на проекти за основање на нова единица „Факултет за дентална медицина“ и Висока медицинска школа при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје согласно Законот за високото образование*, доставени од Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, за наредната седница на Владата откако материјалот претходно ќе се разгледа на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој поради потребата од дополнително усогласување со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Гази Баба, да се разгледа на првата седница на Владата, која ќе се одржи по завршувањето на Локалните избори 2021 година, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.185/21).

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Демократија во услови на глобализација“ на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Демократија во услови на глобализација“ на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Демократија во услови на глобализација“ на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Клиничка медицина“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Клиничка медицина“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Клиничка медицина“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Биологија - Екологија“ на Природно-математички факултет, Институт за биологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија - Екологија“ на Природно-математички факултет, Институт за биологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија - Екологија“ на Природно-математички факултет, Институт за биологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС) по „Економски науки“ на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Економски науки“ на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Економски науки“ на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии (180 ЕКТС) по „Машинство“ на Технички факултет-Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Машинство“ на Технички факултет- Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Финансово право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Финансово право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Административно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Административно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички науки“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички науки“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Деловно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Деловно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Психологија“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Психологија“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Јавна администрација“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна администрација“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички системи“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички системи“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Индустриско инженерство и менаџмент“ на Технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Индустриско инженерство и менаџмент“ на Технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на докторски студии (180 ЕКТС) по „Социологија на опкружување“ на Институт за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Социологија на опкружување“ на Институт за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Казнено право“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Казнено право“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Меѓународното јавно право и меѓународното приватно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Меѓународно јавно право и меѓународното приватно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Граѓанско право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Граѓанско право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Социолошки науки -Социологија на организација“ на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Социолошки науки-Социологија на организација“ на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Молекуларна медицина“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Молекуларна медицина“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Базична медицина“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Базична медицина“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Технологија и безбедност на прехранбени производи“ на Факултет за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Технологија и безбедност на прехранбени производи“ на Факултет за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, во предложениот текст.

## Точка 60

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Римско право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Римско право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавно здравство“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавно здравство“ на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Албански јазик и литература“ на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Албански јазик и литература“ на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, во предложениот текст.

## Точка 63

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Право на Европска Унија и европски интеграции“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Право на Европска Унија и европски интеграции“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

## Точка 64

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Уставно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Уставно право“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Архитектура и урбанизам“ на Архитектонскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Архитектура и урбанизам“ на Архитектонскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Електротехника и информациски технологии“ на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Електротехника и информациски технологии “ на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија-Таксономија“ на Природно-математичкиот факултет, Институт за биологија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Биологија-Таксономија“ на Природно-математичкиот факултет, Институт за биологија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Физика“ на Природно-математичкиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Физика“ на Природно-математичкиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Дефектологија“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Дефектологија“ на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Хемија“ на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Хемија“ на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Историја на правото“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Историја на правото“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Меѓународни односи“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Меѓународни односи“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Геодезија“ на Градежен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Геодезија“ на Градежен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Организациски науки и управување (менаџмент)“ на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Организациски науки и управување (менаџмент)“ на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за ловство, поднесен од група на пратеници и притоа по текстот на истиот даде позитивно мислење и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

**Точка 76**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 6, став 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016 и 190/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/2021), поднесено од градоначалникот на Општина Аеродром и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 68, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно кој Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите, како и член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 91/2008, 119/2010, 23/2013 и 152/2019), според кој барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и градоначалникот на Градот Скопје и советите на општините и Советот на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење и член 176 од Деловникот, согласно кој барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку Законодавно-правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница. Според истиот член од Деловникот, автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Од страна на градоначалникот на Општина Аеродром поднесено е барање за давање на автентично толкување на член 6, став (6) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти во кое е наведено дека истото се однесува на тоа дали покрај доказите кои се утврдени како потребни за легализација на бесправно изградени објекти согласно законската регулатива треба и изјава за согласност од сопственикот на земјиштето.

Во членот 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, утврдени се доказите кои барателот треба да ги достави кон барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект.

Во ставот (3) од наведениот член е пропишано дека доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, барателот покрај доказите од ставот (2) на овој член е должен да достави и договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот.

Член 6 став (6) гласи:
„По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, а во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето на кое е изграден истиот било сопственост на Република Северна Македонија, барателот покрај доказите од ставот (2) на овој член, е должен да достави и уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект.

Во контекст на наведените членови треба да се има предвид и членот 12 од Законот, каде што се пропишани условите кои треба да бидат исполнети за издавање на урбанистичка согласност, при што алинејата 4 која се однесува на статусот на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект гласи:

„бесправниот објект е изграден на земјиште на кое барателот има право на сопственост или право на користење, или на земјиште сопственост на Република Северна Македонија, или на земјиште за кое барателот има склучено договор за долготраен закуп со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или пак сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето има дадено изјава заверена на нотар со која е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, или на земјиште пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба на кое како корисник во имотниот лист е евидентиран поранешниот сопственик, а барателот го користи земјиштето повеќе од 20 години од денот на склучување на договорот за купопродажба, или на земјиште сопственост на Република Северна Македонија на кое право на користење има друго физичко или правно лице, кое не е пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба или кое е пренесено од поранешен сопственик, но како корисник во имотниот лист не е евидентиран поранешниот сопственик или на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или кое е во сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, доколку во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето било сопственост на Република Северна Македонија.

Со членот 6 став (6) кој е предмет на барањето за автентично толкување се предвидува исклучок од ставот (3) на овој член, кој се применува во случаите кога барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот. Во овој случај со предметната одредба се предвидува барателот да достави уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект, од кои докази треба да се утврди дали во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето било сопственост на Република Северна Македонија.

Согласно горенаведеното произлегува дека во случаите кога бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или пак, кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, законот предвидува барателот да достави договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, а доколку барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или пак нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, барателот треба да достави уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 6, став (6) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21) е јасен и недвосмислен и во насока на истото му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не дава автентично толкување на овој член од Законот.

**<u>Точка 77</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 53, став 2 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/1998, 18/1999, 31/2000, 42/2003, 64/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 8/2011, 55/2013, 33/2015 и 104/2015), поднесено од пратеникот Исмаил Јахоски и притоа го утврди следново мислење:

Од содржината на приложениот допис произлегува дека предмет на Барањето за давање автентично толкување на член 53, став 2 од Законот за денационализација е „дали странката во управна постапка за денационализација (постапка која е поведена од страна на поранешен сопственик или негов наследник) може да го пренесува ова право на трето лице по пат на договор“.

Имено, од наводите во Барањето произлегува дека подносителот на истото пратеникот Исмаил Јахоски, имајќи го предвид став 1 на член 53 од Законот за денационализација смета дека од самата употреба на зборови и конструкција на реченицата повеќе од јасно било дека правото на денационализација е преносливо, односно може да премине од поранешниот сопственик на неговите наследници, па аналогно на ова, неговото разбирање било дека правото на денационализација може да се пренесува и по пат на договор, па затоа бара Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување со кое ќе се разреши дилемата „дали странката во управна постапка за денационализација (постапка која е поведена од страна на поранешен сопственик или негов наследник) може да го пренесува ова право на трето лице по пат на договор.

Според член 11, став 1 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/1998, 18/1999, 31/2000, 42/2003, 64/2003, 44/2007, 14/2009, 20/2009, 72/2010 171/2010, 8/2011, 55/2013, 43/2014, 33/2015 и 104/2015), право да поднесе барање за денационализација има поранешниот сопственик, односно лицата кои се негови наследници според прописите за наследување (барател).

Според ставот 2 на овој член, барател во смисла на ставот 1 на овој член е лице кое на денот на влегувањето во сила на овој закон е државјанин на Република Македонија.

Според член 52, став 1 од Законот за денационализација, решението за денационализација содржи податоци за:

- поранешниот сопственик на кој му е одземен имотот, односно поранешните сопственици на кои им бил одземен имотот;
- имотот што бил одземен и основот, односно актот за одземањето;
- имотот што се враќа, односно надоместот што се дава;
- лицата на кои им се враќа имотот, односно им се дава надоместот;
- видот и начинот на давање надомест;
- обврска на барателот во определен рок да плати зголемена вредност согласно со членот 17, став 2 од овој закон;
- обврска на државата да му плати на барателот разлика за намалена вредност согласно со членот 18, став 2 од овој закон;
- обврска на барателот да му да му се даде надомест според членот 26 од овој закон;
- рокот за предавање на имотот што се враќа, односно обврска на корисникот на имотот да му го предаде имотот на барателот;

Според член 53 став 1 од Законот за денационализација, во решението за денационализација јасно се означува дека имотот му се враќа, односно надомест му се дава на поранешниот сопственик (поранешните сопственици), односно неговите (нивните) наследници.

Според ставот 2 на овој член, кога баратели се наследници на денационализација, решението за денационализација гласи на наследниците прогласени со правосилно решение за прогласување на наследници донесено согласно одредбите на овој закон според наследничките делови утврдени со решението.

Од цитираните одредби неспорно произлегува дека Законот за денационализација, јасно го дефинира поимот барател во постапката за денационализација, односно дека право да поднесе барање за денационализација има лице кое кумулативно исполнува два улови, а тоа е да е поранешен сопственик на имотот кој во минатото бил одземен во корист на државата со присилни прописи, односно лице или лицата кои се негови наследници според прописите за наследување, и доколку истите на денот на влегување во сила на овој закон се државјани на Република Северна Македонија.

Исто така, од цитираните законски одредби односно член 53 од Законот за денационализација, неспорно произлегува дека решението за денационализација има задолжителна содржина утврдена во членот 52 став 1 од законот, која меѓудругото е означување на поранешниот сопственик од кого бил одземен имотот, односно на поранешните сопственици од кои бил одземен имотот.

Ова означување се врши како кога барање за денационализација поднел поранешниот сопственик, односно поранешните сопственици, така и во случај кога барање за денационализација поднеле нивните наследници.

Аналогно на ова, а согласно член 53 став 1 од Законот за денационализација, во решението за денационализација се означува дека имотот му се враќа, односно надомест му се дава на поранешниот сопственик односно на неговите наследници прогласени со правосилно решение за прогласување на наследници.

Спроведувањето на денационализација значи отстранување на извршената неправда во минатото кога имотите на поранешните сопственици присилно им беа одземени, поради што истите им се враќаат на поранешните сопственици, односно на нивните наследници.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека одредбата од ставот 2 од членот 53, став 2 од Законот за денационализација треба да се толкува така што пренесување на правото за денационализација на наследниците на поранешниот сопственик е само во случај кога истиот е починат, односно се починати, што всушност е и целиот концепт на Законот за денационализација.

Пренесување на правото на денационализација со договор на трети лица се додека трае постапката за денационализација, односно до нејзино правосилно завршување не може да се врши. Ова дотолку повеќе што согласно цитираните законски одредби јасно е кој може да биде странка, односно барател во постапка за денационализација и што треба да содржи решението за денационализација, односно во него јасно треба да биде наведено дека имотот се враќа на поранешниот сопственик, односно неговите наследници, а не на трети лица на кои со некој облигационо-правен однос, односно договор правото за денационализација би им се пренело.

По правосилноста на решението за денационализација поранешниот сопственик, односно неговите наследници би можеле евентуално со договор да располагаат со имотот што им се враќа односно со надоместот што се дава во постапката за денационализација и истиот да го отуѓат на трети лица.

Имајќи предвид дека одредбите на Законот за денационализација се јасни и прецизни Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на член 53 став 2 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија" број 20/1998, 18/1999, 31/2000, 42/2003, 64/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 8/2011, 55/2013, 33/2015 и 104/2015).

**Точка 78**

Владата го разгледа Статутот на Приватната високообразовна установа Универзитет Евро-Балкан-Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Од страна на Вашата високообразовна установа доставен е нов Статут со кој се цели изменување и дополнување на постоечкиот Статут на високообразовната установа.

Измените и дополнувањата на Статутот се вршат со донесување на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот. Со оглед на тоа, до Владата на Република Северна Македонија треба да се достави Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот.

Истовремено, имајќи предвид дека со предвидените измени во Статутот се врши изменување на називот и седиштето на високообразовната установа, согласно член 9, став (8) и член 12, став (3) од Законот за установите, во прилог на Статутарната одлука треба да се достави и согласност од основачот за овие измени.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Државна комисија за спречување на корупција, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.85/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридор 10 во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.163/2021) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива, Државната комисија за спречување на корупција го оспорува Законот во целост истакнувајќи дека истиот претставува висок ризик фактор за корупција и судир на интереси, без притоа конкретно да наведе во кои точно одредби утврдил евентуална неусогласеност на оспорениот Закон со Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, со поднесената Иницијатива се посочува дека оспорениот Закон е во спротивност со член 8, став 1, алинеи 3 и 7, член 51, ставови 1 и 2 и член 55, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во Иницијативата, подносителот наведува дека во оспорениот Закон постојат правни празнини кои оставаат отворен простор за субјективизам, разбистреност, политичко влијание, тргување со моќ и дискреција при конституирањето на Комитетот за преговори, а на сметка на стручноста, компетентноста и професионализмот. Ова од причина што според подносителот на Иницијативата во оспорениот Закон отсуствувало прецизно утврдување кој ќе членува и со каков професионален профил ќе бидат членовите на Комитетот. Меѓутоа, вака истакнатите наводи имаат карактер на претпоставки, а не на причини за оспорување на уставноста на Законот. Донесувањето на законите е во исклучива надлежност на Собранието на Република Северна Македонија, така што содржината и обемот на законската материја зависи од волјата на законодавецот. Уставниот суд на Република Северна Македонија во рамките на своите уставно определени надлежности одлучува за уставноста и законитоста на прописите што се во правниот поредок, па во тие рамки може да ја оценува уставноста на одредбите од оспорениот Закон кои се предвидени и содржани во истиот, но нема надлежност да одлучува за тоа што Законот не содржел, а требало да содржи според мислењето на подносителот на Иницијативата.

Подносителот во Иницијативата укажува дека одредбите на оспорениот Закон и нивната примена во пракса ќе значат флагрантно кршење на начелата врз кои се темели борбата против корупцијата и судирот на интереси. Но поаѓајќи од надлежноста на Уставниот суд определена во член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, јасно произлегува дека судот не е надлежен да одлучува за примената на Законот во пракса, бидејќи примената на Законот е фактичко прашање.

Дополнително во Иницијативата се истакнува дека одредбите на оспорениот Закон биле спротивни на начелата на законитост и еднаквост определени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на Република Македонија бр.12/2019). Вака истакнатите наводи не можат да бидат предмет на разгледување од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија од причина што судот нема надлежност да ја оценува меѓусебната согласност на законите.

Во Иницијативата се истакнува дека носењето на законот во скратена постапка не било во функција на реализирање на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 и нејзиниот Акциски план за спроведување, но вака истакнатите наводи не претставуваат аргументи од уставно-правно значење, дотолку повеќе што скратената постапка за донесување на Закон е регулирана со член 170 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, а кој акт не е предмет на оспорување во Иницијативата.

Наводите дека оспорениот Закон не може да се третира како јавен интерес се неосновани од причина што Законот номинира стратешки партнер за имплементација на проект за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопат Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп - Битола). Во конкретниот случај станува збор за изградба на јавни патишта кои согласно член 3 став 1 од Законот за јавните патишта претставуваат добра во општа употреба.

Согласно член 56 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија добрата во општа употреба се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита.

Согласно член 57 од Уставот, Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и регионален развој како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја. Токму затоа законодавецот со носењето на оспорениот закон има за цел да постигне одржлив и безбеден развој на регионалното поврзување на Република Северна Македонија преку комплетирањето на Паневропските коридори 8 и 10 д, при што се укажува дека изградбата на коридорот претставува капитална инвестиција од стратешка национална важност и има за цел подобрување и развој на патната инфраструктура.

Неосновани се наводите во Иницијативата дека со оспорениот закон се загрозува слободата на пазарот и претприемништвото од член 55, став 1 вв со член 8, став 1, алинеи 1 и 7 како темелна вредност на уставниот поредок во Република Северна Македонија. Ова од причина што во конкретниот случај државата не се јавува како регулатор на пазарот кој обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот, туку напротив во конкретниот случај државата како субјект на пазарот со закон номинира стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на конкретните инфраструктурни коридори кој е докажан на пазарот со долгогодишно успешно искуство и ефикасност во реализација на овој вид на проекти во регионот.

Оспорувањето на член 3, став 4 од Законот е неосновано со оглед дека законодавецот како lex specialis на посебен начин го уредил планирањето, проектирањето и изградбата и употребата на дел од Коридорот 8 и на Коридорот 10. Во таа смисла, а имајќи ја предвид спецификата на материјата која ја уредува, оспорениот Закон ја исклучува примената на други закони во целост или делумно, односно оспорениот Закон ќе се применува без оглед на другите применливи закони како lex generalis, коишто во случајот имаат супсидијарна примена. Целисходноста на ваквото законско решение е проценка на законодавецот, при што примената на правното начело lex specialis derogate legi generali, како во случајов, не значи повреда на владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок.

Врз основа на претходно наведеното, оспорениот закон е во согласност со член 8, став 1, алинеи 3 и 7, член 51, ставови 1 и 2 и член 55, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, а имајќи предвид дека наводите во Иницијативата не претставуваат подобна основа за покренување на механизмот на уставно-судска оцена, поради отсуство на квалитетни и правно издржани аргументи кои претставуваат процесна пречка за одлучување по Иницијативата, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли иницијативата поднесена од Државната комисија за спречување на корупцијата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопат Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија бр.163/2021).

## Точка 80

Владата ја разгледа Понудата од нотар Прпарим Реџепи од Гостивар за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3322 за КО Гостивар-1 КП бр.2691, викано место/улица Гостивар и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 81

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6339 за КО Бутел, на КП бр.870/18, викано место/улица „Населба“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52371 за КО Ѓорче Петров - Лепенец, на КП бр.41, место викано Мери и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 83**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 84**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 9 септември 2021 година до 15 септември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2**. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 11 септември 2021 година до 17 септември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територија на Република Северна Македонија, (бр.40-8664/1 од 5 август 2021 година) со времетраење до 30 дена, за период од 5 август 2021 година до 3 септември 2021 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата заклучи:

Заклучокот под реден број 2 од делот на Пред преминување на Дневен ред (Информација за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион) од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година кој гласи:

„2. Се укажува на Управата за заштита на културното наследство, почнувајќи од 5.4.2021 година, заштитно-конзерваторските основи, заштитно-конзерваторските услови и конзерваторските одобренија за културното наследство во Охридскиот Регион да ги издава по претходно мислење на Министерството за култура“, да престане да важи.

**5.** Владата го разгледа Предлогот за продолжување на проектот ИПА 2017 „Поддршка на државната реорганизација“, односно отпочнување на фазата на реорганизација и заклучи истиот да се разгледа на наредната седница на Владата со цел да се утврди кои други институции покрај првично утврдените (Министерството за култура, Министерството за економија и Министерството за информатичко општество и администрација) ќе бидат вклучени во Проектот.

**6.** Владата го одложи од разгледување Известувањето доставено од Управата за финансиска полиција, под бр.05-2223/1 од 13.9.2021 година, по Заклучок од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13.4.2021 година, во врска со потребата од обезбедување на деловен простор за Управата, за наредна седница на Владата, поради дополнителни усогласувања по предлогот.

**7.** Владата го разгледа Барањето за ослободување од плаќање на надоместок на ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија“ за објавување на акти со кои се врши усогласување со европското право, доставено од Агенцијата за цивилно воздухопловство, под број 10-871/1 од 10.9.2021 година и притоа заклучи:

Се препорачува на Управниот одбор на ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија“, да ја разгледа можноста за ослободување од плаќање надоместок за објавувањето на подзаконските акти со кои се врши усогласување со европското право донесени од Агенцијата за цивилно воздухопловство, додека за останатите акти кои произлегуваат од надлежноста на Агенцијата за цивилно воздухопловство да остане обврската за плаќање на надоместокот согласно актуелниот Тарифник на ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија“ .

**8.** Владата го одложи Барањето за покровителство по повод „28 Септември-Денот на Бошњаците“, за некоја од наредните седници, по завршување на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и за Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје.

**9.** Владата го разгледа Предлогот во врска со потребата од формирање на работна група која ќе ја разгледа состојбата со системот за управување со кризи, согласно заклучокот од 13-та седница на Советот за безбедност на Република Северна Македонија, одржана на 13.9.2021 година, доставен од Центарот за управување со кризи, под број 09-3471/2 од 21 септември 2021 година, го прифати Предлогот и заклучи:

- Се задолжува Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, во координација со Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување, во рок од 10 дена, до Владата да достави предлог за состав на работна група која ќе ја разгледа состојбата со системот за управување со кризи и имајќи ги предвид неодамнешните состојби со пожарите да предложи конкретни мерки, со цел системот за управување со кризи да биде пофункционален и поефикасен.

Притоа, во составот на работната група да биде вклучен и д-р Саит Саити, генерален секретар на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

**10.** Владата заклучи да се дополни Заклучокот од 91-та седница на Владата, одржана на 27 јули 2021 година, донесен по Дополнување на Информацијата за унапредување на процесот на фискална децентрализација, вклучувајќи ги и критериумите за распределба на дотацијата од ДДВ согласно симулациите, во смисла во точка 1 од истиот со кој се формира Работна група за изготвување на соодветни законски решенија за формирање на Агенција за регионален и локален развој, покрај предложените институции претставници да има и од Министерството за информатичко општество и администрација и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, за што е потребно овие институции до наредната седница на Владата да номинираат свои претставници во Работната група до Министерството за локална самоуправа.

**Точка 85**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење ЈП за државни патишта за периодот 1 април-30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за испорачани М-смарт кард за патнички моторни возила на туристи од Република Србија, кои транзитирале на Коридор 10 во Република Северна Македонија, во временски интервал од 15 јуни 2021 година до 15 август 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие за државни патишта да постапи по задолжението од член 4 од Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година бр.40-6598/1, донесена на 30.7.2021 година и неискористените средства да ги врати во Буџетот на Република Северна Македонија, во најкраток временски рок, согласно Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 87**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, за периодот 1 април-30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи органите на управување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да ги преземат сите неопходни мерки за наплата на своите побарувања и навремено сервисирање на обврските, согласно Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 89**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Финансиска рамка за спроведување на мерките за намалување на сулфур диоксид, азотни оксиди и прашина, со фискални импликации и временска динамика, со цел да се постигнат плафоните на емисии согласно со ревидираниот Национален план за намалување на емисии, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува потребните финансиски средства да се обезбедат во рамки на планираните износи во Финансискиот план на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, за секоја година поединечно.

**Точка 90**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнувањето кон него, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата го разгледа Финансискиот план за изменување и дополнување на Финансискиот план за 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се имаат предвид и насоките за намалување на овој вид на расходи во тековното работење на Друштвото, согласно укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централниот регистар на население (август 2021 година), како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за отворање на нова дисперзирана канцеларија на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во Општина Желино, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности арх. бр. У-47/21 (КП бр.13478 КО Центар 1), во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата се информираше со Нацрт-текстот на уредбата за Методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии овој Нацрт-текст на уредба да го достави до Комисијата за следење на развој на финансиите на единиците на локалната самоуправа за добивање согласност и по добивањето согласност да ја достави за наредната седница на Владата, откако во соработка со Секретаријатот за законодавство ќе изврши номотехничко усогласување на текстот на истата.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Амандман бр.1 на Договорот за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави - САД, со усогласен текст на Амандман, и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Амандманот број еден на Договорот за грант за партнерство за партнерство за развој помеѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави за развојна цел 1: зајакната економска конкурентност; развојна цел 2: зголемен придонес на младите во општеството и развојна цел 3: намалена корупција.

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише Амандманот број еден на Договорот за грант за партнерство за партнерство за развој помеѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави за развојна цел 1: зајакната економска конкурентност; развојна цел 2: зголемен придонес на младите во општеството и развојна цел 3: намалена корупција.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и Естонскиот центар за меѓународен развој во областа на дигитализацијата и е-управување, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и Естонскиот центар за меѓународен развој во областа на дигитализацијата и е-управување.

2. Го овласти м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и Естонскиот центар за меѓународен развој во областа на дигитализацијата и е-управување.

**Точка 98**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година за првата седница на Владата што ќе се одржи по завршувањето на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и за Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.185/21).

**Точка 99**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижен имот на име на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, доколку по истата позитивно се произнесе Агенцијата за катастар на недвижности.

Текстот на Предлог-одлуката редакциски и номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:20 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |